ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-198/13**

**Дата: 01.12.2010**

**ДО**
**ОПШТИНА РАДОВИШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на наменската сметка за солидарност на општина Радовиш за 2009 година.
Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката за солидарност за претходни години.
На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт преку општина Радовиш кон правни и физички лица исплатени по основ на надомест на штета од претрпено невреме на ден 4-ти декември 2008.
Поради ограничен делокруг на работењето на ревизијата, односно необезбедена документација, ние не изразуваме мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година и за усогласеноста со закони и прописи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на наменската сметка за солидарност за 2009 година на Општина Радовиш, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за наменската сметка за солидарност на Општина Радовиш за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

– Д – р Роберт Велков – градоначалник во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на наменската сметка за солидарност на Општина Радовиш се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основ за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските

извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на 27 и 28 јули 2010 година кај Општина Радовиш од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија одржан на

ден 01.09.2010 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-198/7 од 18.10. 2010 година.

Со ревизија на финансиките извештаи за 2009 година. ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**3.1. Финансики извештаи**

3.1.1. Поради ограничен делокруг на работа, ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста за трошоците за надградба на нов асфалтен слој на оштетени асфалтирани улици, реконструкција на асфалтен коловоз, изградба на улици и крпење на ударни дупки настанати како резултат од поплавите во износ од 6.093 илјади денари. Ревизијата не можеше да изврши увид во регуларноста на постапката за избор на најповолен понудувач за санирањето на улиците, поради што не можеше да се изврши споредба на цените на услугите наведени во ситуациите кои се платени во однос на цените прифатени со предмер пресметката со тендерската документација. Ова е поради фактот што од страна на МВР одземена е целокупната документација за спроведената постапка за повеќе јавни набавки, меѓу кои е и за оваа јавна набавка.

**4. Ревизорско мислење**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на наменската сметка за солидарност на општина Радовиш на ден 31 декември 2009 година.

Поради ограничување на делокругот објаснет во точката 3.1.1. погоре, ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на наменската сметка за солидарност на општина Радовиш, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 22.11.2010 година

## НАМЕНСКА СМЕТКА ЗА СОЛИДАРНОСТ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 63.205 | 20.123 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 10.501 | |
| **Вкупно приходи** | | **73.706** | **20.123** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1. | 63.562 | 9.622 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **63.562** | **9.622** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 6.093 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **6.093** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **69.655** | **9.622** |
| **Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година** | | **4.051** | **10.501** |

**НАМЕНСКА СМЕТКА ЗА СОЛИДАРНОСТ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4.051 | 10.501 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.051** | **10.501** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.1. | 6.093 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **6.093** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **10.144** | **10.501** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1. | 10.144 | 10.501 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10.144** | **10.501** |
| **Вкупна пасива** | | **10.144** | **10.501** |